# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.33 од 05.03.2015 година**

### Член 1

Во Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија'' број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14), во членот 134 став (2) точка 3) се брише.
Точките 4) и 5) стануваат точки 3) и 4).

### Член 2

Во членот 136 став (2) зборовите: „што не може да биде подолг од” се заменуваат со зборот “изнесува”.

### Член 3

Одредбите од член 134 став (2) точка 4 и став (7) за зградите или градежните единица кои се изградени до денот на влегување во сила на овој закон обврската за обезбедување на сертификат за енергетски карактеристики на зграда ќе отпочнат да се применуваат со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.
Одредбите од член 134 став (4) ќе отпочнат да се применуваат со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

### Член 4

Одредбите од член 136 ставови (5) и (7) за зградите или градежните единица кои се изградени до денот на влегување во сила на овој закон обврската за обезбедување на сертификат за енергетски карактеристики на зграда ќе отпочнат да се применуваат со денот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

### Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за енергетика.

### Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.